Врз основа на член 66 став (7) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИТЕ И ТЕМИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПОДДРШКА, ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ, ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА, КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ И УСЛОВИТЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ КОРИСНИЦИТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на активностите и темите кои се предмет на поддршка, детален преглед на прифатливи трошоци, општите и посебни услови за доделување на поддршката, критериумите за избор на корисници и условите кои треба да ги исполнуваат корисниците.

## Член 2

(1) Предмет на поддршката за обука на земјоделски производители се активностите за организирање и одржување на професионални обуки и информативни сесии за усовршување и оспособување на земјоделски производители, кои се спроведуваат преку одржување на:

- курсеви; - семинари; - предавања; - посети на земјоделски и шумски стопанства; - работилници и - индивидуално учење.

(2) Темите кои се предмет на поддршката од став (1) на овој член се: - организирање и раководење на земјоделско стопанство; - воведување на дополнителни дејности на земјоделско стопанство; - воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики во земјоделското производство; - трансфер на знаења за постигнати научно-истражувачки резултати во областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството; - користење на информатички технологии за земјоделско производство; - примена на пропишаните стандарди од областа на заштита на животната средина, заштита на здравје на луѓето, заштита и здравје на растенијата и благосостојба на животните и примена на хигиенски пракси; - примена на мерките за поддршка за вршење на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина и руралните предели и - воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

## Член 3

(1) Прифатливите трошоци за организирање и одржување на професионални обуки и информативни сесии за усовршување и оспособување на земјоделските производители, се следните: - трошоци за ангажирање до три стручни лица со завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството со најмалку три години работно искуство од областа која е предмет на поддршката и тоа за најмногу до пет работни дена за изработка на програми, образовни материјали, брошури за професионални обуки или информативни сесии и најмногу до

6.000 денари на ден; - услуги од трети лица за подготовка за печатење и печатење на програми, образовни материјали и брошури за професионалните обуки или информативните сесии, најмногу до 60.000 денари по активност со вклучен ДДВ; - трошоци за закуп на простории за спроведување на професионалните обуки и информативните сесии најмногу до 10.000 денари на ден со вклучен ДДВ; - надоместок за предавачи во висина до 7.000 денари за работен ден односно осум работни часови по еден работен ден, за најмалку пет работни дена и не повеќе од 25 работни денови; - надоместок на патни и дневни трошоци на учесниците на професионалните обуките или информативните сесии во висина најмногу до 800 денари од ден по учесник; - надоместок на трошоците за ноќевање, во висина најмногу до 2.500 денари со вклучен ДДВ (со доручек), само за учесниците на професионалните обуки и информативни сесии чие место на живеење е оддалечено повеќе од 40 км од местото на одржување на професионалната обука или информативната сесија и - трошоци за закуп на простор со обезбедена презентациска опрема за одржување на професионалните обуки или информативните сесии, најмногу до 10.000 денари по професионална обука или информативна сесија.

(2) Висината на прифатливите трошоци по корисник на поддршката од став (1) на овој член изнесува до 800.000 денари за професионална обука и до 250.000 денари по информативна сесија согласно темите од член 2 став (2) од овој правилник.

(3) Висината на поддршката од став (2) на овој член може да се исплаќа авансно до 40% пред реализација на прифатливите трошоци од став (1) на овој член.

(4) За реализација на активностите од член 2 став (1) на овој правилник се доделуваат средства во висина од 100% од вредноста на прифатливите трошоци од став (1) на овој член.

Член 4

(1) Општи услови за доделување на поддршката на корисниците кои се даватели на обуките и информативните сесии се:

1. За физички лица: - да имаат завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството и - да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството и

2. За правни лица да имаат вработено најмалку едно лице со завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството со најмалку пет години работно искуство од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството.

(2) Посебните услови за доделување на поддршката на корисниците од став (1) на овој член се:

1. Да имаат објавено најмалку пет научно-истражувачки трудови во меѓународни и/или домашни научни списанија и/или публикации од областа на земјоделството, руралниот развој, прехрамбената индустрија и шумарството, во последните пет години и

2. Да имаат изготвена листа на учесници за професионалната обука или информативната сесија за усовршување и оспособување на земјоделски производители со најмалку пет, а најмногу 25 земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за видот на активностите кои се предмет на поддршка, условите за финансирање, дефинирање на корисниците, општите и посебни услови за доделување на поддршката, детален преглед на прифатливи трошоци и начинот и правилата за визуелен идентитет на активностите (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 162/10 и 80/13).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 15-1221/4 Министер за земјоделство,

28 јуни 2023 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Николовски, с.р.